Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто и шеесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 јуни 2023 година**

**Скопје, јуни 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и шеесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 13 јуни 2023 година**

Седницата започна во 14:40 часот.

На седницата претседаваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, како и д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Тирон Јајага, заменик на министерот за одбрана, м-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика.

На седницата присуствуваа и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и нотар Анета Петровска- Алексовска.

Од седницата отсуствуваа Славјанка Петровска, министер за одбрана, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-уредба за Методологијата за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на Република Северна Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од Процената

2. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.10/22)

3. Ценовник за изменување на Ценовникот за отстрел на дивеч, користење на дивечот и неговите делови и услуги во ловиштата на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје, со Предлог-одлука

4. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр.5318)

5. Предлог-одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр. 1740/2)

6. Информација за поништување на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија бр.41-3589/8 од 23.5.2023 година

7. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (Националната установа-Центар за култура „АСНОМ“, Гостивар)

8. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Друштво за земјоделство, производство, трговија и услуги Агрофила ДООЕЛ Штип)

9. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем, по скратена постапка

10. Предлог фискална стратегија на Република Северна Македонија 2024-2028, со прилози

11. Информација со Предлог основно сценарио и нови иницијативи за финансирање во наредниот среднорочен период 2024-2028 година, со прилози

12. Информација за потребата од промени во начинот на утврдување на премијата за задолжително осигурување од автомобилска одговорност

13. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Филипов, Кочани, со Предлог-решение

14. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Парк, Скопје, со Предлог-решение

15. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Памела-Неготино, со Предлог-решение

16. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Интернационал, Велес, со Предлог-решение

17. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Енерџи-Тетово, со Предлог-решение

18. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Молика, со Предлог-решение

19. Информација за статус на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр.10-8071/1 од 15.10.2019 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги Иннацо мак ДОО Ново Лагово, Прилеп

20. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Аеродром

21. Предлог-одлука за престанок на користење на недвижни ствари и Предлог-одлука за давање на стопанисување на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката -Скопје

22. Предлог на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за меѓународен воден транспорт во Охридското Езеро

23. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/434 на Советот од 25 февруари 2023 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП во врска со рестриктивните мерки во поглед на дејствијата на Русија кои ја дестабилизираат ситуацијата во Украина и Регулативата (ЕУ) 2023/427 на Советот од 25 февруари 2023 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 833/2014 во врска со рестриктивните мерки во поглед на дејствијата на Русија кои ја дестабилизираат ситуацијата во Украина

24. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/432 на Советот од 25 февруари 2023 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/429 на Советот од 25 февруари 2023 година за спроведување на Регулатива (ЕУ) бр.269/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина

25. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/421 на Советот од 24 февруари 2023 година за изменување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Белорусија и вклученоста на Белорусија во руската агресија врз Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/419 на Советот од 24 февруари 2023 година за спроведување на член 8а од Регулативата (ЕК) 765/2006 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Белорусија и вклученоста на Белорусија во руската агресија врз Украина

26. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/501 на Советот од 7 март 2023 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2020/1999 за рестриктивни мерки против сериозни повреди и злоупотреби на човековите права и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/500 на Советот од 7 март 2023 година за спроведување на Регулативата

(ЕУ) 2020/1998 за рестриктивни мерки против сериозни повреди и злоупотреби на човековите права

27. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/408 на Советот од 23 февруари 2023 година за изменување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Сирија и Регулативата (ЕУ) 2023/407 на Советот од 23 февруари 2023 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 36/2012 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Сирија

28. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/431 на Советот од 25 февруари 2023 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/1775 за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Мали и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/428 на Советот од 25 февруари 2023 година за спроведување на член 12 (2) од Регулативата (ЕУ) 2017/1770 за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Мали

29. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2023/381 на Советот од 20 февруари 2023 година за спроведување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Иран и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/379 на Советот од 20 февруари 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 359/2011 за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Иран

30. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/2377 на Советот од 5 декември 2022 година за изменување на Одлуката 2010/788/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Демократска Република Конго и Регулативата (ЕУ) 2022/2373 на Советот од 5 декември 2022 година за изменување на Регулативата (ЕЗ) бр.1183/2005 за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Демократска Република Конго

31. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/457 на Советот од 2 март 2023 година за изменување на Одлуката 2014/119/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/449 на Советот од 2 март 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 208/2014 за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Украина

32. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/380 на Советот од 20 февруари 2023 година за изменување на Одлуката 2013/184/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Мјанмар/Бурма и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/387 на Советот од 20 февруари 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 401/2013 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Мјанмар/Бурма

33. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/422 на Советот од 24 февруари 2023 година за ажурирање на списокот на лица, групи и субјекти кои подлежат на членовите 2, 3 и 4 од Заедничкиот став 2001/931/ЗНБП за примената на посебни мерки за борба против тероризмот и за укинување на Одлуката (ЗНБП) 2022/1241 и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/420 на Советот од 24 февруари 2023 година за спроведување на член 2 (3) од Регулативата (ЕЗ) бр. 2580/2001 за посебни рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти за борба против тероризмот и укинување на Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/1230

34. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/433 на Советот од 25 февруари 2023 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2020/1999 за рестриктивни мерки против сериозни повреди и злоупотреби на човековите права и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/430 на Советот од 25 февруари 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2020/1998 за рестриктивни мерки против сериозни повреди и злоупотреби на човековите права

35. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2023/646 на Советот од 20 март 2023 година за спроведување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Иран и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/645 на Советот од 20 март 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 359/2011 за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Иран

36. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/572 на Советот од 13 март 2023 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/571 на Советот од 13 март 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина

37. Информација за непостапување на надлежни државни органи за извршување на правосилна судска пресуда за конфискација на имот и имотна корист во странство

38. Информација за платите на директорите во установите од областа на културата со Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на коефициенти и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата

39. Предлог на закон за изменување на Законот за Оперативно-техничка агенција, по скратена постапка, поднесен од пратениците Игор Јанушев и Јован Митрески

40. Годишен извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2022 година

41. Иницијатива од Дејан Стојаноски и Филип Србиноски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.55/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 92 став (3) точка 2) алинеја 1 во делот „литар" од Законот за акцизите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.108/19, 143/19, 225/19, 275/19, 77/21 и 57/22)

42. Решение донесено од Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.109/2022 од 12 април 2023 година за поведување постапка за оценување на уставноста на член 152 став 1 точка 2) во делот „став (4)", член 154 став 1 точка 2) во делот „став (4)", член 156 став 1 точка 8) во делот „став (4)" и член 158 став 1 точка 4) во делот „став (4)" од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22)

43. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1903 за КО Бардовци, на КП бр.695, викано место/улица „Шамак"

44. Понуда од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.94905 за КО Чаир, на КП бр.183, викано место/улица „Чаир"

45. Понуда од нотар Катерина Митревска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.49204 за КО Кисела Вода 2, на КП бр.284/1, викано место/улица „Ѓ.Ѓоновиќ"

46. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.6067 за КО Радишани на КП бр.3174, викано место/улица „Петко Јанчевски бб"

47. Понуда од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.58143, за КО Кисела Вода 1, на КП бр.1234, викано место/улица „Иван Козаров"

48. Понуда од нотар Надица Чаушевска Заева од Струмица за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.6439, за КО Попчево, на КП бр. 945, викано место/улица „Село" и Имотен лист бр.65, за КО Попчево, на КП бр. 942, викано место/улица „Село"

49. Известување од извршител Анѓелка Ефкоска од Скопје за Налог за извршување врз недвижност, доставен под И.бр.366/19, за недвижен имот, запишан во Имотен лист бр.904, за КО Чаир

50. Кадровски прашања

51. Прашања и предлози

52. Информација за одржаниот Шеснаесетти состанок на Советот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија, Скопје, 17 март 2023 година

53. Извештај за извршени инспекциски надзори над спроведувањето на обврските на концесионерите утврдени во договорот за давање на концесија на риби за организирање на рекреативен и вршење на стопански риболов за периодот јули-декември 2022 година

54. Извештај за работа на Агенцијата за остварување на правата на заедниците за 2022 година

55. Информација во врска со учеството на Република Северна Македонија во Програмата за забрзување на транзицијата од јаглен, поддржана од Климатскиот инвестициски фонд, со Листа на концепти за техничка помош

56. Информација во врска со одржување Годишно собрание на акционерите на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано за 19 јуни 2023 година

57. Информација во врска со усвојување на Патоказот за праведна транзиција и воспоставување на структура за водење на процесот на праведна транзиција во Република Северна Македонија

58. Информација за статусот на проектот Отворен Балкан

59. Информација за потребата од итно преземање на активности од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија за спроведување на психолошки тест и тест за интегритет

60. Информација во врска со новата проценета вредност на инфраструктурниот проект „Изградба на новата железничка делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија, како дел од Коридор VIII“, извршена од страна на консултантот Конекта

61. Информација за потребата од обезбедување на средства за дореализација на проектите во рамки на проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“, финансиран со средства од Европската инвестициона банка

62. Предлог–одлука за проширување на концесијата за експлоатација на техногена минерална суровина (троска) на локалитетот „Баш Колиби“ Општина Велес на Друштвото за инженеринг, проектирање, монтажа и услуги Кепс монт гроуп ДОО Скопје

63. Информација за одржување состанок на македонско-украинската Мешовита комисија за меѓународен патен сообраќај, од 13.6 до 14.6.2023 година во Скопје, со Предлог за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Протокол меѓу Владата на Република Северна Македонија и Кабинетот на министри на Украина за измени и дополнувања на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за меѓународен патен превоз на патници и стоки, со Нацрт-текст на Протокол

64. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр.16/23).

65. Предлог–одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за култура

66. Предлог–одлука за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за култура

67. Предлог-одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за внатрешни работи (КП бр.2147/1, КО Маџари)

68. Информација во врска со апликација за изработка на физибилити студија и советодавни услуги за мали модуларни нуклеарни централи -Проект Феникс, со Предлог-одговори на апликацијата

69. Барање на согласност на Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Берово, со Предлог -листа

70. Предлог–одлука за именување на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Сојузна Република Германија, со седиште во Минхен

71. Предлог-одлука за отповикување на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Сојузна Република Германија, со седиште во Минхен

72. Информација за потребата за подобрување на спроведливоста на Договорот за јавно приватно партнерство (ЈПП) во Технолошко -индустриска развојна зона во Тетово, под ОДУ 69/13 од 5.4.2013 година, со предлог-текст на Анекс бр. 1 за измени и дополнување на Договор

73. Информација за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка

на вакцини за континуирана имунизација и вакцини по епидемиолошки индикации за потребите на населението за периодот јануари 2024 -декември 2026 година

74. Информација во врска со потребата за поведување постапка за престанок на корисничкото право на Студентски центар Скопје и доделување на правото на трајно користење на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија на КП бр.2133 КО Центар 2 на Министерството за здравство

75. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр. 17/23).

*

*    *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Уредбата за Методологијата за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на Република Северна Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од Процената.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.10/22) и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 3**

Владата по Ценовникот за изменување на Ценовникот за отстрел на дивеч, користење на дивечот и неговите делови и услуги во ловиштата на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност на Ценовникот за изменување на Ценовникот за отстрел на дивеч, користење на дивечот и неговите делови и услуги во ловиштата на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“- Скопје.

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр.5318).

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Град Скопје (КП бр. 1740/2).

**Точка 6**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за поништување на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија бр.41-3589/8 од 23.5.2023 година, на предлог на предлагачот.

**Точка 7**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари (Националната установа-Центар за култура „АСНОМ“, Гостивар).

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (Друштво за земјоделство, производство, трговија и услуги Агрофила ДООЕЛ Штип).

**Точка 9**

Владата го одложи разгледувањето на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем, по скратена постапка, за наредната редовна седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања со Министерство за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 10**

Владата ја разгледа Предлог фискалната стратегија на Република Северна Македонија 2024-2028, со прилози, ја донесе Фискалната стратегија и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија, за информирање.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата со Предлог основно сценарио и нови иницијативи за финансирање во наредниот среднорочен период 2024-2028 година, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го усвои предложеното Основно сценарио за наредниот среднорочен период 2024-2028 година (не вклучувајќи ги новите иницијативи).

2. Ги утврди максимални износи на одобрени средства (расходни лимити) по буџетски корисници и истите претставуваат составен дел на Фискалната стратегија 2024 -2028 година.

**Точка 12**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за потребата од промени во начинот на утврдување на премијата за задолжително осигурување од автомобилска одговорност, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Филипов, Кочани, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди).

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Парк, Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди супериор).

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Памела-Неготино, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Интернационал, Велес, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Енерџи, Тетово, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди).

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Молика, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) звезди).

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за статус на Договорот за доделување на финансиска поддршка бр.10-8071/1 од 15.10.2019 година, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Друштвото за производство, трговија и услуги Иннацо мак ДОО Ново Лагово, Прилеп, ја усвои и го задолжи Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, до компанијата Иннацо мак ДОО Ново Лагово, Прилеп, да испрати писмено известување за раскинување на предметниот Договор, со барање за поврат на

целокупната примена финансиска поддршка во износ од 922.971,00 денари, која корисникот има обврска да ја врати во рок од 60 дена од доставување на писменото известување.

**Точка 20**

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Аеродром.

**Точка 21**

Владата заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижни ствари.

2. Предлог-одлуката за давање на стопанисување на недвижни ствари на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката -Скопје да се разгледа на наредната седница на Владата, откако Одлуката за престанок на користење на недвижни ствари ќе биде објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и спроведена во Катастарот на надвижности.

**Точка 22**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Советот на министри на Република Албанија за меѓународен воден транспорт во Охридското Езеро, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Вјолца Ахмети-Круезиу, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски и Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи.

Истовремено, Владата заклучи м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, да оствари средба со претставници од Владата на Република Албанија со цел забрзување на имплементацијата на стратешкиот проект „Охридското Езеро -поврзување на две земји кон една дестинација“, финансирани од страна на Европската Унија, како дел од новата ИПА 3 програма за прекугранична соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија.

**Точка 23**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/434 на Советот од 25 февруари 2023 година за изменување на Одлуката 2014/512/ЗНБП во врска со рестриктивните мерки во поглед на дејствијата на Русија кои ја дестабилизираат ситуацијата во Украина и Регулативата (ЕУ) 2023/427 на Советот од 25 февруари 2023 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 833/2014 во врска со рестриктивните мерки во поглед на дејствијата на Русија кои ја дестабилизираат ситуацијата во Украина.

**Точка 24**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/432 на Советот од 25 февруари 2023 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/429 на Советот од 25 февруари 2023 година за спроведување на Регулатива (ЕУ) бр.269/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина.

**Точка 25**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/421 на Советот од 24 февруари 2023 година за изменување на Одлуката 2012/642/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Белорусија и вклученоста на Белорусија во руската агресија врз Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/419 на Советот од 24 февруари 2023 година за спроведување на член 8а од Регулативата (ЕК) 765/2006 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Белорусија и вклученоста на Белорусија во руската агресија врз Украина.

**Точка 26**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/501 на Советот од 7 март 2023 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2020/1999 за рестриктивни мерки против сериозни повреди и злоупотреби на човековите права и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/500 на Советот од 7 март 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2020/1998 за рестриктивни мерки против сериозни повреди и злоупотреби на човековите права.

**Точка 27**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/408 на Советот од 23 февруари 2023 година за изменување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Сирија и Регулативата (ЕУ) 2023/407 на Советот од 23 февруари 2023 година за изменување на Регулативата (ЕУ) бр. 36/2012 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Сирија.

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/431 на Советот од 25 февруари 2023 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/1775 за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Мали и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/428 на Советот од 25 февруари 2023 година за спроведување на член 12 (2) од Регулативата (ЕУ) 2017/1770 за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Мали.

**Точка 29**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2023/381 на Советот од 20 февруари 2023 година за спроведување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Иран и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/379 на Советот од 20

февруари 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 359/2011 за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Иран.

**Точка 30**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/2377 на Советот од 5 декември 2022 година за изменување на Одлуката 2010/788/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Демократска Република Конго и Регулативата (ЕУ) 2022/2373 на Советот од 5 декември 2022 година за изменување на Регулативата (ЕЗ) бр.1183/2005 за рестриктивни мерки во поглед на состојбата во Демократска Република Конго.

**Точка 31**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/457 на Советот од 2 март 2023 година за изменување на Одлуката 2014/119/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/449 на Советот од 2 март 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 208/2014 за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Украина.

**Точка 32**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/380 на Советот од 20 февруари 2023 година за изменување на Одлуката 2013/184/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Мјанмар/Бурма и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/387 на Советот од 20 февруари 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 401/2013 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Мјанмар/Бурма.

**Точка 33**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/422 на Советот од 24 февруари 2023 година за ажурирање на списокот на лица, групи и субјекти кои подлежат на членовите 2, 3 и 4 од Заедничкиот став 2001/931/ЗНБП за примената на посебни мерки за борба против тероризмот и за укинување на Одлуката (ЗНБП) 2022/1241 и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/420 на Советот од 24 февруари 2023 година за спроведување на член 2 (3) од Регулативата (ЕЗ) бр. 2580/2001 за посебни рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти за борба против тероризмот и укинување на Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/1230.

**Точка 34**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/433 на Советот од 25 февруари 2023 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2020/1999 за рестриктивни мерки против сериозни повреди и злоупотреби на човековите права и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/430 на Советот од 25 февруари 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2020/1998 за рестриктивни мерки против сериозни повреди и злоупотреби на човековите права.

**Точка 35**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2023/646 на Советот од 20 март 2023 година за спроведување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Иран и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/645 на Советот од 20 март 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 359/2011 за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Иран.

**Точка 36**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2023/572 на Советот од 13 март 2023 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2023/571 на Советот од 13 март 2023 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 за рестриктивни мерки во поглед на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина.

**Точка 37**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за непостапување на надлежни државни органи за извршување на правосилна судска пресуда за конфискација на имот и имотна корист во странство, за наредната седница на Владата.

**Точка 38**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за платите на директорите во установите од областа на културата со Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на коефициенти и вредноста на коефициентот за пресметување на платите на директорите во националните установи од областа на културата и заклучи истата да се разгледа на тематската седница на Владата во врска со нови вработувања, унапредувања и зголемување на платите на јавната администрација.

**Точка 39**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за Оперативно-техничка агенција, по скратена  постапка, поднесен од пратениците Игор Јанушев и Јован Митрески и притоа го утврди следното мислење:

Владата на Република Северна Македонија цени дека е потребно да се преоцени предложената одредба со која се предвидува директорот на Оперативно-техничка агенција да ја извршува функцијата со мандат од пет години или до избор на нов директор, со оглед дека начинот на којшто истата е формулирана, особено во делот „до избор на нов директор“, е нејасен, непрецизен и неодреден, односно подразбира временски период кој не е определен, што може да доведе до проблеми при имплементацијата во пракса.

## Точка 40

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2022 година и притоа го утврди следното мислење:

Годишниот извештај се доставува согласно обврската утврдена во член 26 став (6) од Законот за заштита на конкуренцијата, според кој Комисијата за заштита на конкуренцијата за својата работа одговара пред Собранието на Република Северна Македонија и најдоцна до 31 март го поднесува Годишниот извештај.

Во Извештајот за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2022 година, се наведени детални информации за извршување на надлежностите од Законот за заштита на конкуренцијата и Законот за контрола на државната помош како и детални информации за материјално-финансиското работење на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Согласно Извештајот, Буџетот на Комисијата за 2022 година изнесувал 23.004.000 денари, а неговата реализација на крајот на годината изнесувала 22.556.864 денари.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија, нема забелешки по Годишниот извештај за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата за 2022 година.

## Точка 41

Владата ја разгледа Иницијативата од Дејан Стојаноски и Филип Србиноски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.55/2023 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 92 став (3) точка 2) алинеја 1 во делот „литар“ од Законот за акцизите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.108/19, 143/19, 225/19, 275/19, 77/21 и 57/22) и притоа го утврди следново мислење:

Имено, со член 92 став (3) точка 2) алинеја 1 од Законот за акцизите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/19, 143/19, 225/19, 275/19, 77/21 и 57/22) е уредено дека 2) за гасно масло од тарифните ознаки 2710 19 43 00, 2710 19 46 00, 2710 19 47 00, 2710 19 48 00, 2710 20 11 00, 2710 20 15 00, 2710 20 17 00 и 2710 20 19 00 и тоа како погонско гориво акцизата изнесува 15,121 денари за литар.

Притоа, во став (1) од истиот член е пропишана акцизната основица за енергентите, при што за акцизна основица за енергенти се смета количината на енергенти изразена во килограми нето-маса, нормални кубни метри, литри, или гигаџули бруто калориска вредност, освен за електричната енергија каде акцизната основа е количината изразена во мегават часови.

Дополнително, во став (2) е пропишано дека литар во смисла на ставот (1), е литар измерен на температура од +15°C, додека нормален кубен метар во смисла на ставот (1) е нормален кубен метар измерен на +20°C и под притисок од 1,01325 бари.

При уредувањето на предметното прашање во однос на одредбата во делот „литри“, законодавецот одлучи дека акцизната основица за енергентите наведени во член 92 треба да се пропише како единица мерка „литри“ така што при оданочување на предметните акцизни добра ќе се користи оваа мерна единица.

Исто така, се укажува дека целта на ставот (3) точка 2) алинеја 1 од членот 92 од Законот е да се утврди акцизната основица, како и износот на акциза на гасното масло од тарифните ознаки

2710 19 43 00, 2710 19 46 00, 2710 19 47 00, 2710 19 48 00, 2710 20 11 00, 2710 20 15 00, 2710 20 17 00 и 2710 20 19 00 и тоа како погонско гориво, без никаква двосмисленост при оданочување на акцизните добра согласно Законот за акцизите.

Дополнително, се напоменува дека со Законот за акцизите се врши усогласување на одредбите од Директивата на Советот 2003/96/ЕЗ од 27 октомври за преструктурирање на рамката на Заедницата за оданочување енергетски производи и електрична енергија.

При тоа, се напоменува дека треба да се имаат предвид одредбите, односно мерните единици наведени во Законот за акцизите бидејќи при оданочувањето на акцизните добра треба да се земе превид Законот за акцизите како lex specialis.

Воедно, согласно член 4 од Царинскиот закон, точка 13. „Царински долг“ е обврска на лице да го плати износот на увозни давачки (царински долг при увоз) или извозни давачки (царински долг при извоз) кои се пропишани за одредена стока според прописите на Република Македонија; и точка 14. „Увозни давачки“ се царина и други давачки со еднаков ефект на царина кои се плаќаат при увоз на стока.

Согласно член 19 став 1: „Кога настанал царински долг, давачките кои претставуваат долг се утврдуваат врз основа на Царинската тарифа на Република Македонија.“

Согласно член 1 од Законот за Царинска тарифа: „Со овој закон и Царинската тарифа која е негов составен дел, се пропишуваат: 1. Правилата за начинот на пресметка на царината; 2. Системот на имиња на стоката која се увезува, внесува или прима во царинското подрачје на Република Македонија, односно извезува, изнесува или испраќа од царинското подрачје на Република Македонија распореден по оддели и глави на Царинската тарифа; 3. Системот на нумеричко означување на стоката (тарифни броеви и тарифни ознаки) во Царинската тарифа; 4. Правилата за распоредување на стоката во тарифни броеви и тарифни подброеви, како и тарифни ставови на Царинската тарифа; 5. Царинските давачки кои се применуваат и 6. Задолжителните единечни мерки за сите тарифни ознаки, во зависност од видот на стоката што се извезува, односно увезува. 7. Интегрираната царинска тарифа, која ги исполнува барањата на Царинската тарифа, статистиката на надворешната трговија, трговските, земјоделските или други политики на Република Македонија во однос на увозот или извозот на стоки.“

Исто така, согласно член 1-б: „Интегрираната царинска тарифа ги содржи: (а) Царинската тарифа; (б) дополнителните ознаки кои се применуваат за одредени специфични мерки на Република Македонија кои не се опфатени со деветтата и десеттата цифра; (в) сите информации неопходни за имплементирање или управувањето со тарифните ознаки и дополнителните ознаки; (г) други увозни и извозни давачки, преференцијални тарифни мерки, автономни мерки, стапките на данокот на додадена вредност и акциза, и други тарифни и нетарифни мерки при увоз и извоз на стока.“

Оттука, се укажува дека износот на царина се пресметува согласно Законот за Царинската тарифа, додека пак износот на акциза се пресметува согласно одредбите од Законот за акцизите, односно царинскиот орган при пресметка на давачките ја користи Царинската тарифа, но исто така, за пресметка на даноци, акцизи и други давачки ги користи матичните закони каде се пропишани одредби кои ги уредуваат овие давачки.

Имајќи го предвид горенаведено, оспорениот член 92 став (3) точка 2) алинеја 1 во делот „литар“ од Законот за акцизите („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 108/19, 143/19, 225/19, 275/19, 77/21 и 57/22) е во согласност со Уставот на Република Северна

Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да ја отфрли предметната Иницијатива како неоснована.

**Точка 42**

Владата го разгледа Решението, донесено од Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.109/2022 од 12 април 2023 година за поведување постапка за оценување на уставноста на член 152 став 1 точка 2) во делот „став (4)", член 154 став 1 точка 2) во делот „став (4)", член 156 став 1 точка 8) во делот „став (4)" и член 158 став 1 точка 4) во делот „став (4)" од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22), и притоа го утврди следното мислење:

Со предметното решение се поведува постапка за оценување на уставноста на член 152 став (1) точка 2) во делот „став (4)", член 154 став (1) точка 2) во делот „став (4)", член 156 став (1) точка 8) во делот „став (4)" и член 158 став (1) точка 4) во делот „став (4)" од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22), со оглед дека наведените одредби не биле во согласност со принципот на владеење на правото како темелна вредност на уставниот поредок.

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија, меѓудругите темелни вредности е и владеењето на правото.

Согласно член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, во Република Северна Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Устав и со закон. Секој е должен да ги почитува Уставот и законите.

По однос на доставената Иницијатива У.бр.109/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста, поднесена од Игорчо Точев од Скопје, за член 152 став (1) точка 2 во делот „став (4)" од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22), Владата на Република Северна Македонија се има произнесено со Мислење бр. 41.6-10542/8 од 14.12.2022 година, во кое се наведува дека во основниот текст на Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09) е предвидена одредбата на членот 42 со наслов „7. Странски физички и правни лица", кој содржи пет става и членот 152 со два става, меѓусебе правно поврзани, односно јасни, прецизни и во логична правна целина.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 279/20), е извршена измена на членот 42 од овој закон, така што овој член има десет става и е со поинакво правно нормирање. Поради промената настаната со новата содржина на член 42, а не направената промена во членот 152 став (1) точка 2 во однос на делот „став (4)", упатувачката одредба останува став (4), а требало да стане став (7).

Оттука, имајќи ги предвид напред наведените одредби, од истите произлегува дека ставот (4) на член 42 од Законот за градење упатува на примена на ставовите (2) и (3) на истиот член и е логично-правно поврзан со одредбите од ставовите (1), (2), (3) и (4) на истиот член, кои се однесуваат на странското правно лице и неговите обврски кои треба да ги оствари за да може во Република Северна Македонија да ги врши работите на проектирање, ревизија, изведување и надзор над изградба на градби, пропишани со овој закон, додека оспорениот дел, односно повикувањето на „став (4)“ во членот 152 став (1) точка 2 од Законот за градење е правно несоодветен со оглед дека во членот 152 став (1) точка 2 од овој закон е предвидена прекршочна глоба за правното лице за проектирање на градби, ако вработи како проектант странско физичко лице без потврдено овластување од Комората. Така што, потврденото овластување кое го издава Комората на овластени архитекти и овластени инженери е предвидено во ставот (7) на членот 42 од Законот за градење.

Додека во Решението У.бр.109/2022 на Уставниот суд на Република Северна Македонија, покрај член 152 став (1) точка 2 од Законот за градење, во делот „став (4)“, се опфатени и член 154 став (1) точка 2) во делот „став (4)“, член 156 став (1) точка 8) во делот „став (4)“ и член 158 став (1) точка 4) во делот „став (4)“ од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22), што се констатирани од страна на Уставниот суд при испитување на уставноста на другите одредби од Законот, во кои, исто така, несоодветно се упатува на оспорениот дел „став (4)“.

Оттука, сосема недвосмислено е дека наместо „став (4)“, треба да стои упатувачката одредба „став (7)“ во сите напред цитирани одредби.

Меѓутоа, со оглед на претходно наведеното, а во врска со наводите изнесени во предметното решение, се укажува дека оспорените законски одредби не се нејасни и непрецизни, од причина што од истите јасно се препознава дејствието на прекршоците пропишани со овој закон, односно правното лице да не вработи како проектант странско физичко лице без потврдено овластување од Комората, без оглед на повикувачката одредба од Законот, па оттука истите создаваат нераскинлива правно-логична и функционална целина со останатите законски одредби од аспект на тоа за кои дејствија се однесуваат предметните прекршочни одредби. Во конкретниот случај, иако станува збор за техничка грешка, која грешка не е од влијание во однос на правната сигурност на граѓаните, односно не може да предизвика забуна и нејаснотии во однос на практикувањето на правото за субјектите кои се засегнати со конкретното правно прашање, не е во спротивност со владеење на правото како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид сето претходно наведено, Владата на Република Северна Македонија укажува дека оспорените одредби на член 152 став (1) точка 2) во делот „став (4)“, член 154 став (1) точка 2) во делот „став (4)“, член 156 став (1) точка 8) во делот „став (4)“ и член 158 став (1) точка 4) во делот „став (4)“ од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22), се во согласност со член 8 став 1 алинеја 3 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија.

**Точка 43**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1903 за КО Бардовци, на КП бр.695, викано место/улица „Шамак“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 44**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ермира Мехмети од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.94905 за КО Чаир, на КП бр.183, викано место/улица „Чаир“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Катерина Митревска од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.49204 за КО Кисела Вода 2, на КП бр.284/1, викано место/улица „Ѓ.Ѓоновиќ“ и по Понудата го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.6067 за КО Радишани на КП бр.3174, викано место/улица „Петко Јанчевски бб“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката -Скопје.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.58143, за КО Кисела Вода 1, на КП бр.1234, викано место/улица „Иван Козаров“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 48**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Надица Чаушевска Заева од Струмица за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.6439, за КО Попчево, на КП бр. 945, викано место/улица „Село“ и Имотен лист бр.65, за КО Попчево, на КП бр. 942, викано место/улица „Село“ и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 49**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Анѓелка Ефкоска од Скопје за Налог за извршување врз недвижност, доставен под И.бр.366/19, за недвижен имот, запишан во Имотен лист бр.904, за КО Чаир и по истото го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 50**

Владата заклучи:

1. Владата ја отповика Силвана Јовчевска, од должноста независен неизвршен член на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката -Скопје.

1.1 Владата го избра Азем Фејзоски за независен неизвршен член на Одборот на директори на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката -Скопје.

2. Владата ја разреши Марина Спирковска, од должноста член на Комисијата за жалби, на нејзино барање, поради постоење на состојба на судир на интереси.

3. Владата го разреши Борче Петковски, од должноста заменик на директорот на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството -Битола, поради истек на мандатот за кој е именуван.

3.1 Владата го именува Борче Петковски за вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството -Битола, досегашен заменик на директорот на Агенцијата и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

4. Владата на Андријана Велјанова и Валбона Османовска им утврди престанок на мандатот членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Клиничка болница „д-р Трифун Пановски" -Битола, на нивно барање.

4.1 Владата ја именува Гордана Анастасова за член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Клиничка болница „д-р Трифун Пановски" -Битола.

5. Владата ја разреши Ленче Јолакоска, од должноста член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје -Охрид, поради истек на мандатот.

5.1 Владата го именува Бојан Николовски за член на Управниот одбор -претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје -Охрид.

6. Владата од должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта -Скопје ц.о., поради истек на мандат, ги разреши:

- Гордана Стојановска и
- Бојана Ацевска.

6.1 Владата за вршители на должноста членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта -Скопје ц.о., ги именува:

- Божо Веселиноски и
- Флорјан Незировски.

7. Владата го разреши Ивица Димитров, од должноста вршител на должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта, поради истек на мандат.

7.1 Владата го именува Александар Петрески за вршител на должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта.

8. Владата го разреши Мевљуд Бислим, од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ -Скопје.

8.1. Владата го именува Зекирија Камишин, за член на Управниот одбор- претставник на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“ -Скопје.

9. Владата ја разреши Славица Кутиров, од должноста директор на Царинската управа, орган во состав на Министерството за финансии, на нејзино барање.

9.1. Владата го именува Стефан Богоев за вршител на должноста директор на Царинската управа, орган во состав на Министерството за финансии и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

10. Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас, во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија.

11. Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија на веб -страницата на Владата на Република Северна Македонија и на веб-страницата на Јавното претпријатие за државни патишта да објави јавен оглас за пријавување на заинтересирани лица за именување на член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта.

**Точка 51**

**1.** По повод укажувањето на д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, во однос на примената на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси во делот на членувањето во управни, надзорни органи, комисии, работни групи и други тела на лица кои се експерти за одредено прашање, односно толкувањето на Државната комисија за спречување на корупција дека станува збор за судир на интереси, Владата заклучи:

- Се задолжува м-р Кренар Лога, министер за правда, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство, да одржат состанок со претседателот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија, со цел да разгледаат можности за надминување на овој проблем со автентично толкување на соодветниот член/членови од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Доколку тоа не е можно, да се разгледа можноста за изменување на законското решение.

**2**. Владата ја разгледа Информацијата од Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје за проблемот со електрична енергија во реконструираниот објект во Касарната „Илинден“ и го задолжи Министерството за одбрана да одговори позитивно на Барањето на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје за да се реализира првата опција како привремено решение, односно Универзитетот да остане на истото приклучно место од кое моментално се снабдува со електрична енергија, земајќи го броилото од Армијата и мерењето да биде на среден напон, се до реализација на третата опција, како трајно решение, односно изградба на нова трафостаница за потребите на објектот на Универзитетот со нестандардно приклучување, ракување.

Истовремено, Министерството за финансии, при планирање на Буџетот за 2024 година да планира 100.000 евра за реализација на долгорочно решение на проблемот со снабдување на електрична енергија на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје.

**3.** Владата заклучи Информацијата за увидот во Општина Делчево по поплавите предизвикани од невремето на 8 јуни 2023 година, да се разгледа на наредната седница на Владата, поради потребата од дополнителни усогласувања за изнаоѓање на соодветно решение.

**4.** Владата по Барањето финансиски средства за реализација на Фестивалот „Охридско лето“ 2023 година, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 1 јуни 2023 година до 7 јуни 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**6.** Владата заклучи да се измени т. 4 од Изводокот од Сто педесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 јуни 2023 година, по барањата за покровителство и потребата од финансиска поддршка за одбележувањето на јубилеите: 70 години од основањето на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“-Скопје и 120 години од излегувањето на книгата „За македонцките работи“, кое ќе се одржи во период од 20 до 30 јуни 2023 година во рамките на Отворените денови на Институтот за македонски јазик и на Меѓународната научна конференција „Крсте Мисирков и македонскиот јазик-извор на научни истражувања“ и истиот да гласи:
„4. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да ги покрие трошоците за свечен коктел за 100 лица на 20.6.2023 година.“.

**<u>Точка 52</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за одржаниот Шеснаесетти состанок на Советот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Северна Македонија и Европската Унија, Скопје, 17 март 2023 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 53</u>**

Владата го разгледа Извештајот за извршени инспекциски надзори над спроведувањето на обврските на концесионерите утврдени во договорот за давање на концесија на риби за организирање на рекреативен и вршење на стопански риболов за периодот јули-декември 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 54**

Владата го разгледа Извештајот за работа на Агенцијата за остварување на правата на заедниците за 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со учеството на Република Северна Македонија во Програмата за забрзување на транзицијата од јаглен, поддржана од Климатскиот инвестициски фонд, со Листа на концепти за техничка помош и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија, во рок од три дена во име на Владата, да испрати писмо до Климатскиот инвестициски фонд за прифаќање на поканата за подготовка на Инвестициски план, како дел од Програмата за забрзување на транзицијата од јаглен.

2. Ја одобри Листата на концепти за техничка помош која ќе се реализира преку грант компонентата од Климатскиот инвестициски фонд.

3. Се задолжува Министерството за економија во име на Владата, во рок од пет дена да ја достави до Климатскиот инвестициски фонд апликацијата за Листата на концепти за техничка помош која ќе се реализира преку грант компонентата.

**Точка 56**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување Годишно собрание на акционерите на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано за 19 јуни 2023 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го овласти м-р Исмаил Лума, согласно член 392 од Законот за трговските друштва, во својство на полномошник на Владата на Република Северна Македонија, како акционер во ЕВН Македонија АД Скопје, да присуствува на Годишното собрание на акционерите на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано за 19 јуни 2023 година, со почеток во 14 часот.

Издаденото полномошно да биде заверено кај нотар.

2. Заклучоците да се достават до овластеното лице, кое согласно член 392 од Законот за трговските друштва, има својство на полномошник и претставник на акциите на Владата на Република Северна Македонија во Друштвото, како инструкција за начинот на гласање на Собранието на акционери на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано за 19 јуни 2023 година, односно да гласа како што е утврдено во четвртиот и петтиот заклучок.

3. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, да го извести ЕВН Македонија АД Скопје за назначениот полномошник на Владата на Република Северна Македонија на Собранието на акционери на ЕВН Македонија АД Скопје.

4. По однос на делот насловен како ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ (со вкупно 4 точки) се овластува полномошникот на Владата на Република Северна Македонија да гласа „ЗА“ и тоа по однос на точките:
1) Отворање на седницата на Годишното собрание,
2) Избор на претседавач на Годишното собрание,
3) Именување нотар за водење Записник на Годишното собрание и
4) Избор на бројач на гласови.

5. По однос на делот насловен како РАБОТЕН ДЕЛ, се задолжува полномошникот на Владата на Република Северна Македонија да гласа на следниот начин:
- за точка 1. „Предлог-одлука за одобрување на Извештајот на ревизорот, заедно со Годишната сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работата на ЕВН Македонија АД Скопје за деловната 2022 година", да гласа „ЗА".
- за точка 2 „Предлог-одлука за усвојување на Писмениот извештај за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото за деловната 2022 година, подготвен од Надзорниот одбор на ЕВН Македонија АД Скопје", да гласа „ЗА".
- за точка 3 „Предлог-одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор и на членовите на Управниот одбор на ЕВН Македонија АД Скопје, да гласа „ЗА".
- за точка 4 „Предлог-одлука за распределба на добивка остварена по Годишната сметка и финансиските извештаи за деловната 2022 година", да гласа „ЗА".
- за точка 5 „Предлог-одлука за избор на овластен ревизор за деловната 2023 година на ЕВН Македонија АД Скопје" да гласа „ЗА".
- за точка 6 „Предлог-одлука за одобрување на Консолидираната годишна сметка, консолидираниот финансиски извештај со Извештајот од ревизорот и Консолидираниот годишен извештај за деловната 2022 година" да гласа „ЗА".
- за точка 7 „Предлог-одлука за отповикување на членовите на Надзорниот одбор на ЕВН Македонија АД Скопје", да гласа „ЗА".
- за точка 8 „Предлог-одлука за избор на членови на Надзорниот одбор на ЕВН Македонија АД Скопје", да гласа „ЗА".
- за точка 9 „Предлог-одлука за определување месечен паушал за работата на членовите на Надзорниот одбор на ЕВН Македонија АД Скопје" да гласа „ЗА".
- за точка 10 „Разно" да гласа „ЗА".

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со усвојување на Патоказот за праведна транзиција и воспоставување на структура за водење на процесот на праведна транзиција во Република Северна Македонија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го задолжи Министерството за економија да подготви соодветен акт за формирање на Совет за Праведна транзиција, составен од: заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции како претседавач, министерот за економија како копретседавач и членови: министерот за животна средина и просторно планирање, министерот за финансии, министерот за труд и социјална политика, министерот за транспорт и врски, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, министерот за локална самоуправа, министерот за образование и наука, директорот на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, директорот на Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје и директорот на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, кој да се смета за донесен на оваа седница на Владата.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди просторни и технички услови за одржување на седниците на Советот за праведна транзиција.

3. Го определи министерот за економија за национален координатор за спроведување на Патоказот за праведна транзиција.

4. Се задолжува министерот за економија преку Секретаријатот за европски прашања да ја извести Европската комисија и сите меѓународни финансиски институции за усвоениот Патоказ и за отпочнување на процесот на воспоставување на структура на праведна транзиција.

5. Се задолжува министерот за економија да формира три работни групи: работна група за преквалификација и обука, работна група за економска транзиција и работна група за обновлива енергија и складирање.

6. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за локална самоуправа, Министерството за образование и наука, Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје и Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, во рок од седум дена да номинираат членови кои ќе учествуваат во работните групи од заклучок бр. 5.

7. Се препорачува на Заедницата на единиците на локална самоуправа на Република Северна Македонија да формира регионални форуми за праведна транзиција во Кичево и Битола.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на проектот Отворен Балкан и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, да овозможи пристап до неопходниот сет на податоци од Централниот регистар на население, за потребите на услугата за генерирање на идентификациски број на граѓанинот, со цел целосно исполнување на обврските кои Владата ги има преземено во рамки на иницијативата Отворен Балкан.

2. Се задолжува Министерството за информатичко општество и администрација, при верификацијата на идентификациски број за Отворен Балкан, да не разменува податоци со Република Албанија и Република Србија за македонските граѓани за кои се генерира идентификациски број за Отворен Балкан.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од итно преземање на активности од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија за спроведување на психолошки тест и тест за интегритет, ја усвои Информацијата и му препорача на Судскиот совет на Република Северна Македонија да продолжи со спроведување на психолошкиот тест и тестот за интегритет со постојните тела и институти преку кои биле истите спроведени до 2022 година, се до моментот додека друга институција не поднесе барање до Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за нејзино акредитирање.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со новата проценета вредност на инфраструктурниот проект „Изградба на новата железничка делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија, како дел од Коридор VIII“, извршена од страна на консултантот Конекта и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје во рок од 10 дена да достави барање до Европската инвестициска банка и Европската банка за обнова и развој за обезбедување на заеми во вкупна вредност од 350 милиони евра за да се затвори финансиската структура на проектот „Изградба на новата железничка делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија, како дел од Коридор VIII".

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски-Сектор за Инструментот за претпристапна помош од ЕУ (ИПА) Европска Унија и Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје како краен корисник, да ја достават тендерската документација за избор на изведувач за градежните работи на железничката делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија, согласно договорните услови за жолт ФИДИК до Министерството за финансии, претставено преку договорниот орган Сектор за централно финансирање и склучување договори, најдоцна до 16 јуни 2023 година, додека тендерите за сигнализација и телекомуникација и електрификација ќе бидат дополнително подготвени и објавени.

3. Се задолжува Министерството за финансии, претставено преку договорниот орган Сектор за централно финансирање и склучување договори да ја комплетира тендерската документација и доколку нема дополнителни коментари да ја достави документацијата на претходно одобрување до Делегацијата на Европската Унија.

4. Се задолжува Министерството за финансии, претставено преку договорниот орган Сектор за централно финансирање и склучување договори по добивање на одобрување на тендерската документација од страна на Делегацијата на Европската Унија да го објави тендерот за избор на изведувач за градежните работи на железничката делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија, не подоцна од 15 јули 2023 година.

5. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје како краен корисник во соработка со Министерството за транспорт и врски-Сектор за Инструментот за претпристапна помош од ЕУ (ИПА) Европска Унија, да ја подготват тендерската документација за надзор на градежните работи на железничката делница од Крива Паланка до границата со Република Бугарија и да го објави тендерот за избор на надзор на градежните работи, за да се усогласи временската динамика на склучување на договорите за градежни работи и на договорот за надзор.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од обезбедување на средства за дореализација на проектите во рамки на проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“, финансиран со средства од Европската инвестициона банка и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да продолжи со реализација на проектите во рамките на проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да продолжи со реализација и исплата на обврските за проектите до исцрпување на расположливите средства од сметката на буџет на заеми во Програма 3-Урбанизам и градежништво, Потпрограма 3Г-Проект за водоснабдување и одведување на отпадни води за 2023 година.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, по исцрпување на расположливите средства од сметката на буџет на заеми во 2023 година, да продолжи со реализација и исплата на обврските за проектите од сметката на основен буџет во Програма 3-Урбанизам и градежништво, Потпрограма 3Г-Проект за водоснабдување и одведување на отпадни води.

4. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во соработка со Министерство за финансии, да предвиди средства неопходни за доисплата на преземените обврски за проектот „Водоснабдување и одведување на отпадни води“ на сметката на основен буџет во Буџетот на Министерството за транспорт и врски, во рамки на максималните износи за расходи за 2024 година, во Раздел 130.01-Министерство за транспорт и врски, Програма 3-Урбанизам и градежништво, Потпрограма 3Г-Проект за водоснабдување и одведување на отпадни води, ставка 482-Други градежни објекти.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Предлог–одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на техногена минерална суровина (троска) на локалитетот „Баш Колиби“ Општина Велес на Друштвото за инженеринг, проектирање, монтажа и услуги Кепс монт гроуп ДОО Скопје и ја донесе Одлуката за проширување на концесијата за експлоатација на техногена минерална суровина (троска) на локалитетот „Баш Колиби“ Општина Велес на Друштвото за инженеринг, проектирање, монтажа и услуги Кепс монт гроуп ДОО Скопје, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата за одржување состанок на македонско-украинската Мешовита комисија за меѓународен патен сообраќај, од 13.6 до 14.6.2023 година во Скопје, со Предлог за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Протокол меѓу Владата на Република Северна Македонија и Кабинетот на министри на Украина за измени и дополнувања на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за меѓународен патен превоз на патници и стоки и Нацрт-текст на Протокол, на македонски и украински јазик (усогласени со Секретаријатот за законодавство) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за потпишување на Протокол меѓу Владата на Република Северна Македонија и Кабинетот на министри на Украина за изменување и дополнување на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за меѓународен патен превоз на патници и стоки.

2. Го прифати Нацрт-текстот на Протоколот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Кабинетот на министри на Украина за измени и дополнувања на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за меѓународен патен превоз на патници и стоки, како основа за водење на преговорите.

3. Се задолжува шефот и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водење на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување на постапка за водење на преговори за склучување на Протоколот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Кабинетот на министри на Украина за изменување и дополнување на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за меѓународен патен превоз на патници и стоки.

4. Се овластува шефот на Делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Протоколот меѓу Владата на Република Северна Македонија и Кабинетот на министри на Украина за изменување и дополнување на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Кабинетот на министри на Украина за меѓународен патен превоз на патници и стоки, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

5. Се задолжува Министерството за транспорт и врски по завршените преговори, во рок од 30 дена до Владата да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот, односно парафираниот текст на Протоколот.

**Точка 64**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр.16/23).

**Точка 65**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за култура.

**Точка 66**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижна ствар на Министерството за култура.

**Точка 67**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за внатрешни работи (КП бр.2147/1, КО Маџари).

**Точка 68**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со апликација за изработка на физибилити студија и советодавни услуги за мали модуларни нуклеарни централи -Проект Феникс, со Предлог-одговори на апликацијата и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ги одобри Предлог-одговорите на апликацијата, доставени од страна на Акционерско друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје.

2. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции да аплицира на повикот за изработка на физибилити студија и советодавни услуги за мали модуларни нуклеарни централи-Проект Феникс, најдоцна до 14 јуни 2023 година.

**Точка 69**

Владата го разгледа Барањето на согласност на Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Берово, со Предлог -листа, го усвои Барањето и даде согласност на Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Берово.

**Точка 70**

Владата ја донесе Одлуката за именување на генерален конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Сојузна Република Германија, со седиште во Минхен.

**Точка 71**

Владата ја донесе Одлуката за отповикување на генералниот конзул и шеф на Генералниот конзулат на Република Северна Македонија во Сојузна Република Германија, со седиште во Минхен.

**Точка 72**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за потребата за подобрување на спроведливоста на Договорот за јавно приватно партнерство (ЈПП) во Технолошко -индустриска развојна зона во Тетово, под ОДУ 69/13 од 5.4.2013 година, со предлог-текст на Анекс бр. 1 за измени и дополнување на Договор, за наредната седница на Владата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика во присуство на директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони.

**Точка 73**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредни години на Министерството за здравство за набавка на вакцини за континуирана имунизација и вакцини по епидемиолошки индикации за потребите на населението за периодот јануари 2024 -декември 2026 година (усогласена со Министерството за финансии) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2024, 2025 и 2026 година на Министерството за здравство за набавка на вакцини за континуирана имунизација и вакцини по епидемиолошки индикации за потребите на населението за периодот јануари 2024 -декември 2026 година во вкупна вредност од 1.143.475.779,00 денари со вклучен ДДВ, со следната динамика на плаќање:

2024 година --------- 381.158.593,00 денари
2025 година --------- 381.158.593,00 денари
2026 година --------- 381.158.593,00 денари

2. Се задолжува Министерството за здравство да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има

предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

3. Се задолжува Министерството за здравство за текот и прогресот на активностите во врска со ова прашање да ја информира Владата на секои девет месеци, се до конечна реализација на набавката.

**Точка 74**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата за поведување постапка за престанок на корисничкото право на Студентски центар Скопје и доделување на правото на трајно користење на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија на КП бр.2133 КО Центар 2 на Министерството за здравство, ја усвои Информацијата и ги задолжи Министерството за финансии -Управата за имотно-правни работи и Министерството за транспорт и врски да дадат насоки во врска со начинот на спроведување на постапката за престанок на корисничкото право на Студентски центар Скопје и доделување на правото на трајно користење на градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија на КП бр.2133 КО Центар 2 на Министерството за здравство.

Исто така, потребно е Секретаријатот за законодавство и Министерството за образование и наука да доставаат мислење по Информацијата до Министерството за здравство.

**Точка 75**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У бр. 17/23).

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 16.35 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**м-р Методија Димовски**

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**